NUTRIVITA

Live Healthy. Live Happy. Live Longer.


НУТРИ ВИТА

ул. 29 Ноември бр.15 локал 3

1000 Скопје, Р. Македонија

тел. 02 32 30 777

email: info@nutrivita.biz

www.nurivita.com.mk


# ПОСИЛЕН ИМУНИТЕТ НА ПРИРОДЕН НАЧИН

## Активен Органски ГЕРМАНИУМ

## Ge 132




СИЛЕН АНТИОКСИДАНС ЗА МАКСИМАЛНА ЗАШТИТА НА ВАШИТЕ КЛЕТКИ

Активен Органски
**ГЕРМАНИУМ**

# Ge 132



Organic
Germanium
Sesquioxide

Германиумот во својата органска форма наречена Ge 132 (*Bis-Beta Carboxyethyl Germanium Sesquioxide*) е откриен во Институтот Coal Research во Јапонија по повеќегодишни истражувања на Д-р Казухико Асаи во 1967 година.

Органскиот Германиум долго време темелно бил истражуван во многу светски научни центри, како и од повеќе научници кои биле заинтересирани за алтернативното лекување на многу тешки заболувања. Особено се важни испитувањата изведени со цел да се дефинира улогата на Ge 132 во подобрувањето на отпорноста и општата здравствена состојба на човекот во услови на современо живеење и хроничен стрес.

Неорганскиот облик на Германиум се користи како полупроводник во електронската индустрија и нема нутритивни или терапевтски карактеристики. Синтезата на Германиумот во Активна Органска форма како Ge 132 се смета за едно од најголемите откритија во нутритивното лекување на ракот и други тешки заболувања.

Кај луѓето кои редовно го употребуваат, Ge 132 делува на тој начин што му помага на човековиот организам да се ослободи од отровните материи кои ги внесува преку употреба на хемиски обработена храна, неквалитетна вода, воздух, козметика и на други начини.




## Упатство за употреба

Како додаток на исхраната се земаат 1 до 2 капсули пред јадење со чаша вода, пожелно во претпладневните часови.
Поголеми количини од препорачаните можат да се земат само во консултација со квалификуван здравствен консултант.

## Начин на чување

Да се чува на температура до 25 С, заштитено од директна светлина и влага, надвор од дофат на деца.

## Рок на траење

Рокот за употреба на производот е 36 месеци, до датумот означен на пакувањето.

Корисниците на Нутри Вита Ge 132 можат да побараат дополнителни информации за п роизводот во НУТРИ ВИТА - Нутриционистичкото Советувалиште за исхрана на здрави и болни, препораки за неговата правилна употреба во зависност од потребата, како и Совети за правилниот начин на исхрана.

## Состав:

Една капсула Ge 132 од 500мг содржи:
150мг Активен Органски Германиум, 125мг Матичен млеч, 75мг Екстракт од семки од црвено грозје, 25мг Двоен ајкулин протеински комплекс, 50мг Екстракт од шипка и 75мг Екстракт од зелен чај.



Матичниот млеч е пчелин производ. Во клиничката пракса е утврдено дека матичниот млеч освен што е ефикасен природен антиоксиданс, претставува “чудесна супстанца” која е силен биостимулатор и регенератор на човековите клетки. Делува антибиотски и аналгетски, и е прогласен за најсилен природен антитуморен фактор.



Екстрактот од семки од црвено грозје, е исто така силен антиоксиданс, кој ги заштитува човековите клетки од слободните радикали, ја подобрува циркулацијата на крвта заради присуството на Ресвератролот кој ефикасно ги прочистува крвните садови од атеросклеротски наслаги.



Екстрактот од шипка содржи природен витамин Ц, кој во целост се искористува од човековиот организмот, а воедно се потенцира антиоксидативното дејсто на производот.



Зелениот чај се користи во источната медицина како антиоксиданс веќе 5000 години. Утврдено е дека го заштитува мозокот од штетното дејство на слободните радикали, го заштитува респираторниот систем од инфекции, го блокира дејството на клетките на ракот, го заштитува организмот од последиците од зголемена радијација и го успорува процесот на стареење.



Двојниот ајкулин протеински комплекс е добиен со екстракција на рскавицата и црниот дроб на ајкулата која никогаш не заболува од рак. Тој го спречува растот на нови крвни садови кој го хранат туморот и на тој начин го оневозможува неговото ширење. Особено го заштитува црниот дроб од дејството на слободните радикали и му помага на организмот во процесот на детоксикација.



Органскиот Германиум Ge 132 поседува сертификат, како безбеден додаток во исхраната и како таков е достапен кај нас за потенцијалните корисници во вид на дозирана форма - капсула.

Во последните дваесет години Ge 132 бил предмет на многу научни истражувања од областа на патологијата, биохемијата, фармацијата, имунологијата и онкологијата.
Ge 132 денес во светот се користи на повеќе начини, и тоа во комбинација со соодветен режим на исхрана како превенција против скоро сите заболувања. Во комбинација со хемотерапија, радиотерапија и хирургија се употребува како лек против ракот, додека во комбинација со одредени диети се користи во центри/советувалишта за третман на стрес и други заболувања.

Досегашната употреба на Ге 132 покажала многу добри резултати кај следните болести:
- разни видови тумори,
- ангина пекторис и срцева слабост,
- хипертензија (покачен крвен притисок),
- хиперхолестеролемија и атеросклероза,
- диабетис (шеќерна болест),
- шлог и апоплексија,
- ревматоиден артритис и други автоимуни заболувања,
- Алцхајмерова и Паркинсонова болест,
- Синдром на хроничен замор,
- Очни болести (глауком, катаракта)

# Како делува Ge 132?

Структурата на органскиот Ge 132 овозможува поврзување со три атоми на кислород. Како таков Ге 132 претставува моќен и ефикасен носител на кислород до јадрата на човековите клетки.
Германскиот нобеловец Д-р Otto Warburg открил дека клетките на ракот не можат оптимално да го искористат кислородот, односно се развиваат само во услови без кислород (анаеробна средина).
Ge 132 овозможува квалитетно снабдување на човековите клетки со потребниот кислород, со што се намалува растот на клетките на ракот, а воедно се олеснува процесот на враќање на клетките во својата нормална функција.
Недостатокот на кислород во клетките доведува до зголемување на концентрацијата на “слободни радикали“ во клетките. Се смета дека зголеменото присуство на слободни радикали е важен фактор при појавата на хроничните заболувања кај човекот.
Ge 132 е еден од најсилните познати природни антиоксиданси.
Антиоксиданси се супстанции, чии атоми лесно предаваат електрон на слободниот радикал, на кој во надворешната атомска обвивка му недостасува еден електрон што го прави да биде нестабилен и агресивен кон нормалните клеточни структури, и преставува закана за нормалната физиолошка активност на клетките.




При состојба на хроничен стрес, нарушено е нормалното снабдување на човековите клетки со кислород што доведува до создавање на големи количества на слободни радикали. Овие слободни радикали лесно ги преминуваат клеточните мембрани и ја менуваат нормалната функција на клетките, односно поттикнуваат неконтролирана делба и создавање на ненормални клетки (канцер клетки), т.е. малигни тумори.
Според Д-р Асаи Ge 132 има позитивни ефекти кај болни со рак на белите дробови, бешиката, грлото, рак на дојка, неурози, астма, дијабетес, хипертензија, леукемија, срцева слабост, омекнување на мозокот, миом на матка, цироза на црниот дроб и др. Тој утврдил дека кај сите болни се забележало видно подобрување на здравствената состојба бидејќи во тек на терапијата со Ge 132 болните се хранеле правилно.
Покрај подобро снабдување на човековите клетки со кислород, според Студијата објавена во списанието  Journal of Interferon Research, Ge 132 го стимулира враќањето на нормалната функција на Т-клетките, В-лимфоцитите, како и Natural Killers активностите на многу други клетки кои произведуваат антитела.
Органскиот Германиум ја стимулира синтезата на Гама интерферонот во организмот. Интерферонот има многу силен антиканцероген ефект.
Многу Студии за Ge 132 покажуваат дека тој го зголемува човековиот имунитет, го подобрува здравјето,  па дури ако редовно се користи за време на хемотерапија и зрачење, не се забележуваат поголеми несакани ефекти.  Органскиот Германиум е целосно нетоксичен и безбеден и може да се зема посебно или заедно со препорачана медицинска терапија.
Употребата на Ge 132 има најголем ефект кога се комбинира со храна според препораките за правилен начин на исхрана, зависно од посакуваниот резултат.
Силниот имуностимулативен ефект на Ge 132 во организмот станува уште поделотворен кога Ge 132 се комбинира со правилна исхрана и со неколку други квалитетни природни антиоксиданси кои се содржат во капсулата од 500 мг.